ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА
НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 04-82/10
21.02.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и член 19 од Законот за акредитација („Службен весник на Република Македонија" бр. 120/09, 53/11, 41/14 и 53/16) и Записникот на Комисијата за административна селекција за унапредување на административен службеник бр.04-82/9 од 20.02.2018г. в.д. директорот на Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) на ден 21.02.2018 ја донесе следнава

# О Д Л У К А

Интерниот оглас бр.01/2018 распишан за унапредување на еден административен службеник за работно место АКР 0102Б04003 Раководител на одделение – Раководител на одделение за акредитација на медицински лаборатории - Одделение за акредитација на медицински лаборатории-Сектор за акредитација на лаборатории во ИАРМ, се поништува.

**Образложение**

Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) на 26.01.2018 година објави Интерен оглас бр.01/2018 на веб страната на ИАРМ за унапредување на еден административен службеник за работно место АКР 0102Б04003 Раководител на одделение – Раководител на одделение за акредитација на медицински лаборатории - Одделение за акредитација на медицински лаборатории-Сектор за акредитација на лаборатории во ИАРМ. За спроведување на постапката формирана е Комисија за административна селекција за унапредување на административен службеник која изготви Записник бр.04-82/9 од 20.02.2018г. во кој е констатирано дека по огласот нема пријавено кандидати. В.д. директорот на Институтот за акредитација на Република Македонија го прифати Записникот од Комисијата и донесе одлука како во диспозитивот.

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

в.д.директор,
Д-р Трпе Ристоски

ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

**Д-но до:**
-архива
-Одделение за правни и општи работи
-Агенција за администрација